**ЗАПИСНИК**
**од четиринаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 31.08.2022 година**

На четиринаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 10 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија , Тони Николов вработен во општината, Весна Хаџикојчева вработена во општината , Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија , Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија , Мирјана Масети директор на ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија , Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Ѓорги Стамков директор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија, Ружица Икономова директор на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија, Каролина Димитрова директор на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија, Вера Прошева директор на ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци и Сузана Стефанова директор на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори четиринаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од тринаесеттата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од тринаесеттата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на четиринаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот: „Градење инфраструктура за заштита на животната средина и подобрен квалитет на живот“,

2.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2023 година,

3.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-163/1 од 26.07.2022 година,

4.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-100/1 од 24.08.2022 година,

5.Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2022/2023 година.

6.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година,

7.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година,

8.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година,

9.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година,

10.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година,

11.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година,

12.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2021/2022 година,

13.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година,

14.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година,

15.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци за учебната 2021/2022 година,

16.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2022/2023 година,

17.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученичките екскурзии и другите слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев" – Негорци за учебната 2022/2023 година,

18.Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2021/2022 година,

19.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2022/2023 година,

20. Предлог-Решението за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год,

21.Предлог-Решение за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2022 година,

22.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2023 година,

23.Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за медицински третман во странство.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Миле Атанасов член на Совет** – "Денеска е 31 Август а сеуште немаме одговор на барањето за достава на информации што е доставено на 01.06.2022 година до председавачот на Советот и до Општинската администрација.Баравме информации по четири точки но веќе поминаа четири седници и за истите немаме добиено одговор.По Дневниот ред барам точка под реден број 20 Предлог-Решението за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год да биде симнета од Дневен ред .На комисиите беше потенцирано дека треба да се разгледа квартал од 01.04 до 30.06 а потоа да се разгледа кумулативно од 01.01 до 30.06 бидејќи ние овде во Советот имаме програма за работа на Советот која е донесена од сите советници и во точка 4.7 гласи Квартални извештаи за извршување на финансиските планови на ЈПКД Комуналец .Ова стана пракса да не се доставуваат Квартални извештаи како што беше со четвртиот квартал од 2021 година 01.10 до 31.12 не ни беше доставен туку ни беше доставен Кумулативен годишен извештај 01.01. - 31.12.2021 .За да се согледа точно работењето на ЈПКД Комуналец треба да се доставуваат Квартални извештаи за да се знае за секој период во тековната година каде се движи претпријатието .Бидејќи се наоѓаме во светска енергетска економска криза сите Квартални извештаи треба благовремено да ни бидат доставувани за да може навремено да се реагира на тековното работење на претпријатието .Истото важи и за Општина Гевгелија бидејќи имаме во програмата точка 1.9 Квартален извештај за извршување на Буџетот а денес е 31.08 сеуште немаме точка за вториот Квартал за разгледување на Буџетот а веќе за наредната седница и третиот квартал ќе

биде завршен.Во делот за точка 23 на ден 24.08.2022 година на еден час пред добивањето на материјалите за денешната седница во архива во Општина Гевгелија се поднесени две точки едната од СДСМ и Коалицијата и тоа Иницијатива за отварање на нова паралелка од областа на информатика и технологија во СОО "Јосиф Јосифовски" во учебната 2022/2023 година која не е ставена на Дневен ред но искрено се надевам дека ќе се најде на некоја наредна седница и втора точка иницијатива за донесување на одлука за обезбедување на финансиска помош во износ од 300 000 денари за малолетно дете од Гевгелија кое се наоѓа на лекување во Турција.Предлагач на оваа точка бев јас но и оваа точка не беше ставена на денешната седница кога го добивме Дневниот ред во 12 часот кога дневниот ред имаше 22 точки .После 16 часот добивме дополнување на Дневниот ред со оваа точка како дополнителна но со друг предлагач во овој случај Градоначалникот на општината.Јас ја поднесов оваа иницијатива после разговор со родителот на оваа малолетно дете и по добивањето на неговата согласност и испратена медицинска дијагноза која веднаш беше дадена на овластен преведувач за да може да се поднесе иницијативата.Барам точката да биде преформолирана и да бидам предлагач јас бидејќи јас ја поднесов пред да биде испратен Дневниот ред за денешната седница. "

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Миле Атанасов точката под реден број 20 Предлог-Решението за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год да биде симнета од Дневен ред и **Советот со 9 гласа за ,9 против и 1 воздржан не го усвои .**

**Благој Ристов вработен во општината** – Во однос на излагањето на советникот Миле Атанасов образложи дека материјалот за 14-та седница е испратен околу 13 часот и 30 минути и во исто време во моментот кога се пушташе добив известување од архива дека е пристигнат допис каде што има иницијатива за дополнување на Дневниот ред со нова точка.Во консултација со Градоначалникот ја разгледавме иницијативата и дојдовме до заклучок дека иницијативата се прифаќа и согласно член 143 од Деловникот на Советот на општината таквата иницијатива се прифаќа само што во конкретниот случај како предлагач со Градоначалник бидејќи и пред тоа имавме некоја вибер комуникација со родителот кој ги бара тие одредени средства.Така да ќе си земеме за обврска во друга таква ситуација да ги разграничиме член 142 и 143 со формирање на работна група кој што ќе се утврди кој може да биде предлагач на одлука а кој може да биде предлагач на Иницијатива.

**Тодор Ристов член на Совет** – Оваа моја интервенција е процедурална забелешка на работењето на Претседателот на Советот околу подготвувањето на седниците и затоа зедов процедурално.Не се работи за тоа дали е намерна или ненамерна грешка туку се работи за процедура која треба да се запазува при свикување на Седница на Советот на Општина Гевгелија .Вчера на комисиите еден од советниците рече дека треба да го запазуваме и часот кога ги доставуваме Предлог-Точките.Советничката група на СДСМ и Коалицијата во

целиот овој период до сега како што рековме ќе биде не критичар само заради критика туку ќе предлагаме точки или ќе дискутираме во корист на Општина Гевгелија без разлика дали сме ние позиција или опозиција во Советот.Затоа не се работи за тоа кој прв почна или кој прв ќе биде напишан на документот бидејќи тоа и не е толку битно туку битно е да се донесе Одлука која ќе биде во интерес на граѓаните.Меѓутоа во делот на свикување на седници ,давање на документите ,подготовката на документите ова е веќе незнам по кој пат преседант.Дали е од неукост или незнаење ние како советничка група се ставаме на располагање при наредното свикување на седница ние да помагаме во изготвување на материјалите за да нема грешки.

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред и **Советот едногласно го усвои .**

**Сашко Стојиловски член на Совет** даде предлог точките 20,21 и 22 да се разгледуваат како точки под реден број 1,2 и 3.

**Тодор Ристов член на Совет** даде реплика до советникот Стојиловски дека не се согласува со констатацијата дека Годишниот план за вработување на ЈПКД Комуналец е поважен од Одлуката за годишниот план на вработување на Општина Гевгелија .Советот и општината си ги ставаат на Дневен ред најпрво точките кои се од сопствен карактер а потоа останатите точки.

**Петар Апостолов член на Совет** даде предлог точката 20 да се разгледува како точка под реден број 2.

**Ѓорге Попов член на Совет** даде предлог точките 20,21 и 22 да се разгледуваат како точки под реден број 3,4 и 5.

**Петар Апостолов член на Совет** го поддржа предлогот на советникот Попов и го повлече дадениот предлог.

**Сашко Стојиловски член на Совет** го повлече дадениот предлог.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот **Ѓорге Попов** точките 20,21 и 22 да се разгледуваат како точки под реден број 3,4 и 5 и **Советот едногласно го усвои .**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот: „Градење инфраструктура за заштита на животната средина и подобрен квалитет на живот.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за кофинансирање на проектот: „Градење инфраструктура за заштита на животната средина и подобрен квалитет на живот.

**Во расправата по точките учествуваа:Тони Николов вработен во општината, Александар Пандовски,Петар Апостолов и Тодор Ристов, членови на Советот , Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за кофинансирање на проектот: „Градење инфраструктура за заштита на животната средина и подобрен квалитет на живот и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2023 година

**Во расправата по точките учествуваа: Весна Хаџикојчева вработена во општината ,Елизабета Сивова,Томе Ќичуков,Петар Апостолов,Сашко Јанчев членови на Советот.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2023 година и **Советот со 10 гласа за и 9 воздржани ја усвои .**

**Точка 20. Предлог-Решение за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год

**Во расправата по точката учествуваа: Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Томе Ќичуков, Софија Тошева-Раманчева ,Тодор Ристов,Миле Атанасов и Ѓорге Попов членови на Совет,Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. – 30.06.2022 год и **Советот со 11 гласа за , 5 против и 2 не гласале заради судир на интереси го усвои .**

**Точка 21. Предлог-Решение за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 21 и 22.

**Во расправата по точките учествуваа: Ристо Камов вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Тодор Ристов ,Сашко Стојиловски, Ѓорге Попов ,Томе Ќичуков членови на Совет.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2022 година и **Советот со 9 гласа за , 5 против,2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси не го усвои .**

**Точка 22. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"-

Гевгелија за 2023 година и **Советот со 9 гласа за , 5 против,2 воздржани и 2 не гласале заради судир на интереси не го усвои .**

**Точка 3. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-163/1 од 26.07.2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-163/1 од 26.07.2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Елизабета Сивова,Слаѓана Стаменковска членови на Совет,Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ,,Детска радост"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-163/1 од 26.07.2022 година и **Советот со 16 гласа за и 2 воздржани го усвои .**

**Точка 4. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-100/1 од 24.08.2022 година**.

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-100/1 од 24.08.2022 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Елизабета Сивова членови на Совет,Мирјана Масети директор на ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУ Дом на култура ,,Македонија"- Гевгелија за 2023 година, бр.04-100/1 од 24.08.2022 година и **Советот со 9 гласа за ,7 против и 2 воздржани не го усвои .**

**Точка 5. Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2022/2023 година.

**Во расправата по точката учествуваа: Билјана Демерџиева член на Совет,Марија Танева директор на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 6,7 и 8.

**Во расправата по точките учествуваа: Ѓорги Стамков директор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 7. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 8. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 9. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 9,10 и 11.

**Во расправата по точките учествуваа: Ружица Икономова директор на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија,Виктор Кралев член на Совет.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2021/2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 10. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 11. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 12. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2021/2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 12,13 и 14.

**Во расправата по точките учествуваа: Каролина Димитрова директор на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија,Виктор Кралев,Александар Пандовски,Тодор Ристов членови на Совет.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работа и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2021/2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 13. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година и **Советот со 11 гласа за и 7 воздржани го усвои .**

**Точка 14. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ "Климент Охридски" – Миравци за учебната 2022/2023 година и **Советот со 11 гласа за и 7 воздржани го усвои .**

**Точка 15. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци за учебната 2021/2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 15,16 и 17.

**Во расправата по точките учествуваа: Вера Прошева директор на ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци за учебната 2021/2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 16. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 17. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за ученичките екскурзии и другите слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев" – Негорци за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за ученичките екскурзии и другите слободни активности на ООУ "Ристо Шуклев" – Негорци за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 18. Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2021/2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 18 и 19.

**Во расправата по точките учествуваа: Сузана Стефанова директор на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2021/2022 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 19. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма на ООМУ „Васо Карајанов“-Гевгелија за учебната 2022/2023 година и **Советот едногласно го усвои .**

**Точка 23. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за медицински третман во странство.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства за медицински третман во странство.

**Во расправата по точката учествуваа: Миле Атанасов ,Елена Хаџи-Николова членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за исплата на финансиски средства за медицински третман во странство и **Советот едногласно ја усвои .**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четиринаесеттата седница на Советот на Општина Гевгелија

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**